расправаат за причините за смрт на децата од 28 гробови. Притоа опширно ги прикажуваат археолошките наоди, како текстуално, така и ликовно (стр. 243-247, 257/8, 260-266), што претставува половина од прилогот, а го завршуваат со утврдување на социјалниот статус на женските и машките покојници повторно врз основа на прилозите од гробовите. Авторките укажуваат на потребата од напоредно користење на археолошкиот и коскениот материјал во изучувањата што е правилен интердисциплинарен пристап. Но ваквиот пристап не е видлив ниту од насловот ниту од абстрактот и клучните зборови и не ја отсликува содржината на прилогот, што е на штета на авторките – археолозите незаинтересирани за физичка антропологија ако судат според насловот ќе го прескокнат овој труд. Врз основа на коскените остатоци во гробовите, утврдено е дека најчести забни болести биле неразвиена забна глеѓ (*Enamel hypoplasia*), предизвикани од психолошки стрес, гладување, трауми, заразни болести, хормонални растројства, а потоа расипани/скапани заби (*caries*). На скелетните коски пак, најчести биле разни повреди и неправилности во текот на растењето како поради анемија, неисхранетост, нехигиенски начин на живот, труење со олово, така и од паразитски болести, туберкулоза на коските, метаболички болести предизвикани од скорбут, и др.

Зборникот завршува со прилогот на М. Милинковиќ (Ein Gebäude mit Speicherraum auf der Jelica-Gradina (nördliches Illyricum des 6. Jahrhunderts), стр. 268-286) за складишната зграда во рановизантиската градина на Јелица, регионален центар во североисточниот дел на Римското царство во VI век н. е.

На крај треба да се каже дека сите прилози содржат квалитетен графички и ликовен материјал во боја. Малубројните печатни грешки (стр. 83, 85, 88, 101, 106, 198) не се неразбирливи, а пак техничкото и ликовно уредување е на високо ниво. Затоа, штета е што не се изработени показетели што би го олеснило користењето на бројните и разноврсни податоци содржани во прилозите на значајни теми од периодот што го изучувал славеникот кому му е посветен Зборников.

Скопје, ноември 2020

*Наде Проева*

ASHK P. DAHLÉN (ed.). *Achaemenid Anatolia: Persian presence and impact in the western satrapies 546–330 BC. Proceedings of an international symposium at the Swedish Research Institute in Istanbul, 7–8 September 2017.* Boreas. Uppsala Studies in Ancient Mediterranean and Near Eastern Civilizations 37, Uppsala 2020. 270 pp., 58 ills., ISBN 978-91-513-0794-7.

Овој зборник ги содржи излагањата од меѓународниот научен симпозиум *Achaemenid Anatolia: Persian presence and impact in the western satrapies*, *546–330 BC*, одржан на 7 и 8 септември 2017 година под покровителство на Шведскиот истражувачки институт во Истанбул. Целта на овој симпозиум, како што беше најавена тогаш, беше да се разгледаат разни аспекти на односите меѓу Иран и Анатолија во времето на Ахајменидите, со особена нагласка врз персиските империјални структури и институции, како и персиското присуство и влијание врз месните населенија и нивните култури. Како што ќе видиме, плодната интердисциплинарна расправа на симпозиумот успеа да поттикне нови истражувачки пристапи и барем во извесна мера да ги унапреди нашите познавања од

областа на ахајменидските студии, историска дисциплина која сè уште не е сосем добро етаблирана и допрва го исцртува референтниот систем во кој се работи.

Прилозите во зборникот опфаќаат широка лепеза на области и пристапи – од материјалната култура, археологијата, архитектурата и историјата на уметност, до филологијата, историјата, литературата, нумизматиката и религијата. Воведно место има статијата *On "Achaemenid impact" in Anatolia (reading notes)* (стр. 9-36) од професорот Пјер Бријан, кој не треба посебно да ѝ се претставува на научната публика што ќе го чита овој приказ. Главна тема на неговиот прилог е рамнотежата меѓу империјалното единство од една, и локалното различие во Анатолија од друга страна. Имено, државата на Ахајменидите денес честопати се толкува од аспект на нејзините особени белези – империјалното единство и регионалната разновидност, но најчесто еднострано и со нагласка само врз едно од овие две нешта. Поради ова, во науката понекогаш премногу се настојува на хомогеноста на империјата, дотаму што се дава лажна слика за некаква суперцентрализирана политичка конструкција; но, уште почесто се настојува врз автономијата што им се оставала на локалните власти и се нагласува фрагментацијата на овластувањата, па дури и независноста на локалните династи и сатрапи. Ова, според авторот, се две крајности што треба да се избегнуваат. Влијанието на Персијците и на ахајменидската империјална структура во освоените земји е прашање за кое се расправа со децении; преку примерот на Анатолија и на културните влијанија што ни се посведочени таму, Бријан се обидува да укаже на потребата од внимателно и суптилно толкување, зашто наодите во еднаква мера сведочат и за автономијата на локалните култури, и за ширењето на персиски и ирански претстави и вредности.

Вистина е дека своевидната „експлозија" од откритија и новообјавени трудови во последните две децении ни овозможува понијансирано разбирање на животот во Анатолија за време на Ахајменидите. Трудот *Impacts of Empire in Achaemenid Anatolia* од Елспет Дусинбер (стр. 37-64) разгледува некои од новите наоди со цел да укаже на кој начин моделот „власт/автономија" отвора простор за флексибилна анализа. Дусинбер се сосредоточува на две ситуации на кои се прикажува одреден систем на вредности – гозбата и погребувањето. Низ призмата на гозбите и на погребувањата може да се појаснат многу аспекти на персиското присуство во западните сатрапии, вклучително и локалниот отпор или преобмислувањето на општествениот поредок како одговор на персискиот империјализам. Што се послужува на гозбата, каде се одржува и кој учествува на неа, се детали што имале земјоделски, трговски, прехранбени и здравствени импликации, но и влијание врз статусот и угледот на поединецот, како и потенцијал за зацврстување на старите или воведување на нови традиции и структури; истото важело за погребните обичаи во империјален контекст. Моделот авторитет/автономија навистина произвел кохезија во оние полиња што ѝ биле важни на централната власт, а шаренилото од поединечни случаи се јавува во области што имале помало значење и не морало да се регулираат со врвно внимание. Автономијата не морало да биде локална и врзана за одредена територија, туку се однесувала и на дејносни сфери, и на категории на однесување.

Трудот на Сузан Берндт, *The Upright Tiara of the Persian King* (стр. 65-80) веќе нè префрла во сферата на иконографијата и ликовниот приказ. Авторката ги разгледува ликовните претстави на еден вид капа која во современата литература се нарекува фригиска или персиска капа, а во античките извори се опишува различно – како тијара, курбасија или китарис. Според хеленските извори, само персискиот крал смеел да ја носи оваа „капа" во исправена положба, свртена нагоре – и тогаш обично се нарекувала *tiara orthé*; таа, инаку, била дел од т.н. медска јавачка облека и се носела заедно со панталони, кошула со ракави и кандис, наметка во вид на мантија. Врз основа на литературни извори и иконографски докази, авторката предлага дека оваа *tiara orthé* не е ништо друго, туку прицврстена

качулка на кандисот во кренаta положба, т.е. преметнатата преку главата. Поткрепа за ова треба да е еден црвенофигурален стамнос од средината на V век ст.е., на кој е прикажан кралот Мида во персиска облека, поточно – облечен како персиски крал, но во сцена што ја одразува хеленската перцепција за изгледот на персискиот двор. Мида е претставен со магарешки уши (кои, според Овидиј, ги крие под неговата дијадема), но на сликата добро се гледаат, можеби како карактеристична особеност на Мида. Авторката претполага дека намерата на уметникот била да го претстави Мида со *tiara orthé*, односно со поткренатата качулка, концепт со кој сликарите на вази не биле добро запознаени; иако сликарот ги немал точните детали за персиската облека, можно е да бил свесен дека *tiara orthé* треба да изгледа отприлика како кренатата качулка на кандис; секако, не можат да се исклучат други можни толкувања.

И статијата на Јеспер Блид, *The Andron of Maussollos at Labraunda and its Architectural Sculpture* (стр. 81-98), се задржува врз уметничките појави на ахајменидските влијанија. Откако станал сатрап на Карија, Мавсол започнал амбициозни градежни потфати во локалното светилиште на Ѕевс во Лабраунда. Ова подразбирало изградба на зграда за обредни гозби, т.н. андрон, чија фасада се состоела од иновативна комбинација на дорски, јонски и ахајменидски елементи. Блид предлага ново толкување на акротериите во облик на ахеменидски сфинги на андронот на Мавсол, вклучително и на нивното значење за зградата и за нејзиниот покровител. Извесно е дека античкиот посетител на Лабраунда би бил восхитен од монументалниот андрон на Мавсол, кој во негово време ги надминувал по големина сите други градби во светилиштето. На зградата се експериментирало со јонски и дорски редови, името на посветителот било изложено на невообичаен начин, а најпосле, на ниво на мермерниот корниз, високо над земјата, лицата на ахајменидските сфинги наликувале на покровителот и посветителот, кој бил и владетел, и сатрап. Севкупниот естетски модел на андронот на Мавсол бил прилагоден за да даде најголем можен израз на монументалноста, а со тоа и на авторитетот на владетелот и покровителот на градбата. Паралелите со дворската уметност на Ахајменидите, како што се акротериите на сфингите и протомите на грифони над капителите на антите, давале дополнителна политичка тежина, а поставањето на хекатомнидски обележја и на сфингите на некој начин ја „персонализирало" градбата и ѝ давало дотогаш невиден карактер во егејскиот свет.

Статијата *Living the Iranian Dolce Vita: Herodotus on Wine Drinking and Luxury among the Persians* од Ашк Дален (стр. 99-126) го анализира однесувањето на симпозион, а особено пиењето вино, како важни детали со кои се искажува себе-определувањето. Бидејќи етнографските истражувања на Херодот се задржуваат врз културните и општествените разлики кои, според него, ги раздвојуваат другите народи од Хелените, во трудот на Дален се разгледува како Херодот го поврзува пиењето вино кај Персијците со културната софистицираност, луксузот и, воопшто, со добриот живот. Кај класичните хеленски автори претежнува гледиштето дека луксузот преминува во декаденција, а и Херодот не е исклучок; неговите вињети за прекумерното пиење вино кај Персијците и за персиското општество (кое наводно се наоѓало во опаѓање и распад) произлегуваат од неговата идеја за историска каузалност, која и денес се применува врз Ахајменидите. Иако е наклонет да ги објасни културните разлики преку климата, географијата и политичкиот систем и да анализира на кој начин овие разлики се јавуваат и се менуваат, Херодот сепак прибегнува кон општи книжевни стереотипи за персиското општество. Ваквата одлика, која во крајна линија произлегува од неговата припадност кон јонската раскажувачка традиција, го спречува да ги сфати идеолошките моменти на персискиот приказ на раскошот. Херодот пишува за одликите што ги разликуваат Персијците од другите народи, но тој всушност не разбира како функционира нивниот свет. Тој правилно забележува

дека виното не било само дел од секојдневната исхрана на Иранците, туку и се користело во обреди, честопати како жртва леанка додека се изговарале молитви; па сепак, тој го поврзува ова со екстравагантноста на персиските гозби и ги толкува овие појави како обична кулинарска раскош и прекумерно пиење. Всушност, филозофската димензија на персиското прикажување на раскош е сосема поинаква. За Ахајменидите, раскошот не бил само знак на врвна положба во општеството, туку имал важна улога во системот на распределба и размена меѓу кралот и поданиците од аспект на општествените и политичките односи. Персиската елита свесно го користела раскошот како прашање на државна политика; тој не само што отелотворувал префинетост, богатство и моќ, туку отворал пат за наградување на лојалноста и за спроведување политички стратегии. Персиските гозби биле јавни политички чинови важни, за изградбата на кралскиот идентитет, зашто покажувале дека кралството е врвен играч на светската политичка сцена. Најпосле, благосостојбата на кралството е показ на наклоноста на Ахурамазда и другите богови, а кралскиот престиж барал оваа благосостојба да се покаже јавно.

Трудот *Cilicia, 550–330 BC: Persians and Locals* од Чарлс Гејтс (стр. 127-142) ги разгледува и ги освежува сведоштвата за Киликија во времето на Ахајменидите, кои се инаку сеопфатно изложени од Оливие Казабон во 2004 година, а потоа и веќе еднаш дополнети од авторот на овој труд. Трудот се задржува на локалитетите на кои активно се работи, а меѓу нив се клучни Нагидос, Мејданџиккале, Кинет Хојук и Ал Мина. И тековните ископувања во Келендерис, Соли, Сиркели и Татарли даваат нови наоди, а се очекува дека има уште многу материјал кој треба да излезе на површина. Со ископувањата се следи не само присуството на Персијците, туку и секојдневниот живот на месното население. Од наодите произлегува дека, без оглед колкав бил зафатот на Персијците врз регионот, и натаму претежнувале локалните интереси и локалните начини на вршење на работите. Настрана од формалните, официјални наоди што први го привлекуваат вниманието, како што се архитектурата и скулптурата, другите наоди од овој период – керамиката, малите наоди, остатоците од фауната и ботаничките материјали, чии анализи допрва треба да се толкуваат – даваат сразмерно точна слика на секојдневниот живот на оваа територија, каде локалната пракса опстојала наспроти надворешните империјални интереси.

Понтус Хелстром нѐ враќа во Лабраунда, каде настрана од акротериите на андронот на Мавсол, има малку други траги од персиското присуство и влијание. Сепак, во трудот *A Chariot at Labraunda* (стр. 143-160), Хелстром претполага дека своевидни „источни врски“ можат да се препознаат уште кај еден ликовен споменик на платформата на храмот, а имено, на едно релјефно постоље на чии долги страни е прикажана колесница што ја влечат два коња. Овој градежен и ликовен споменик е објавен како постоље на статуа која или била поставена во чест на некаква атлетска победа, или пак била поврзана со Хекатомнидите, зашто според сè, на него била поставена бронзена статуа. Поверојатната алтернатива е дека скулптурата го прикажувала благородното потекло и положбата на дарителот, или дури и апотеозата на некој член на Хекатомнидите. Хелстром предлага дека кочијата има источни врски: една можна алка е ахајменидската колесница на „Ѕевс“ (всушност, на Ахурамазда) за која пишуваат Херодот, Ксенофон и Куртиј Руф; освен тоа, постољето е слично со неохетитскиот споменик во Чинекој кај Адана, каде богот на Бурата стои врз кочија што ја влечат два бика. Оваа паралела укажува дека фигурата што стоела врз колесницата во Лабраунда можеби била статуа на Ѕевс Лабраундски; на истиот споменик можеби му припаѓала и посветата од сатрапот Хекатомнос, а може да се сугерира и тоа, дека претпоставената статуа на Ѕевс е всушност сликата што ја гледаме на аверсот на тетрадрахмите на Хекатомнос.

Следи трудот на Андерс Хултгард *Invoking Anāhitā – from Iran to Asia Minor* (стр. 161-182), во кој се споредуваат карактерот и функциите на персиската божица Анахита со она што се знае за нејзиниот култ во Ерменија и во Мала Азија. Од една страна, божицата ни е претставена преку еден специфичен култен јазик кој е заеднички за помалите малоазиски локални култови, а од друга страна, се гледаат јасни кореспонденции со персиската Anāhitā, што укажува дека сѐ уште биле живи и старите ирански традиции. Посебен проблем е идентификацијата на Анахита со хеленските Артемида и Афродита, како и со анадолската божица Метер („Мајка“) и фригиската Ма. Ова поистоветување е изразено и преку нови комбинации, во кои стојат двете имиња. Најпрвин се спомнуваат божиците со кои се поистоветува Anāhitā, па ги имаме Артемида Анаитис, Афродита Анаитис и Метер Анаитис. Хултгард се прашува дали хеленското божество тука е во преден план, иако во персиско руво – и обратно, кога се појавува како Анаитис Артемида, дали ова треба да се толкува обратно. Анаитис понекогаш се нарекува „Персиската божица“, или „персиската Артемида“, па дури и спомнувањето на Артемида без други додавки во некои случаи се однесува на Анаитис; очигледно, поистоветувањето на Анахита со Артемида одело полесно поради необичната сличност во функцијата и карактерот на божествата. Многу епитети и функции на анатолската Анаитис се поклопуваат со она што се кажува за Анахита во Авестата; сепак, повеќето епитети на Анаитис им се даваат и на други божества во Мала Азија, со што ни се открива еден култен јазик што бил заеднички за тоа подрачје и, во поширока перспектива, за светот на источното Средоземје под римска власт. Наспроти сѐ, спомнувањето на Анаитис како „Персиска божица“ или „персиска Артемида“ укажува дека свеста за нејзиното персиско потекло сѐ уште била жива дури и во времето на Империјата, што укажува дека и некои карактеристики на Анаитис и на нејзиниот култ сѐ уште се препознавале како персиски.

Јан Кестер нѐ враќа во светот на смртниците и нивните непријателства со трудот *Failed Ambitions: Herodotus' Account of the Ionian Revolt and its Motivation* (стр. 183-198). Овој труд го препрочитува т.н. Јонско востание (499–494 ст.е.), но и начинот на кој востанието е прикажано кај Херодот. Главната нагласка е на прашањето – на кој начин личните амбиции и надворешните ограничувања, на пример тензиите што произлегувале од општествените односи и хиерархијата, влијаеле врз однесувањето на главните ликови. Особено внимание му се посветува на препознавањето на наративни обрасци и структурни паралели. Заедничко за тројцата протагонисти (од кои најсјајна фигура е несомнено Хистијај) во приказот на Херодот е прекумерната амбиција, која ги гони кон пропаст. Амбициите на главните јонски дејци се мошне лични по природа, и секогаш целат да се доберат до поголема моќ; разбирливо, Херодот им припишува и анти-персиски став, но на авторот му се чини дека ова било само средство за да се постигне целта, а не нивно внатрешно убедување. На пример, Аристагора сметал дека Персијците се вредни сојузници, сѐ дури се корисни за неговите цели, но кога се нашол изложен на ризик, не се двоумел да се сврти против нив; слично, за Хистијај се вели дека го поттикнал востанието само за некако да се врати во својата татковина и да си ја врати тамошната власт. Херодот, всушност, ни исцртува еден вознемирувачки, неодговорен опортунизам, кој конечно бил казнет со неуспехот на овие себични амбиции. Гледана на овој начин, „борбата за слобода“ веројатно претставувала борба за власт во Јонија, во која неколку амбициозни поединци го злоупотребиле народот за остварување на своите планови. По задушувањето на Јонското востание, Персијците само привремено ги вратиле тираните, но наскоро потоа во сите јонски полиси била воспоставена демократија; според авторот, нема да биде чудно ако овој потег само делумно се должел на расположението во градовите; сосем е веројатно дека Персијците сакале да спречат понатамошни немири предизвикани од силни и амбициозни локални моќници.

Односот на освојувачите и поданиците е тема на трудот *What Age Were You When the Mede Came? Cyrus the Great and Western Anatolia* од Линет Мичел (стр. 199-216). Во прилогот се анализираат главните извори за персиското освојување на западна Анатолија – хеленската наративна традиција и бабилонските хроники, кои во последнава деценија сè повеќе се покажуваат како проблематични. Со мало оддалечување од овие извори и со користење нови видови сведоштва, може да се исцрта една значително понијансирана слика за империјалната визија на Кир, кој сакал да го урамнотежи военото освојување со потребата за стабилност, безбедност и економски просперитет на кралството. Долго време се тврдеше дека, што се однесува до структурата на администрацијата што му требала за да ја поддржува империјата, Кир се угледал на Медија; денес, се чини дека духот на оваа „медска" империја во најголема мера е победен, и се признава дека Кир морал да бара и други примери за неговиот империјален модел. Кир го стабилизирал поширокиот регион со назначување хипарси/управители/сатрапи, но ги оставил и повеќето постојни структури; со тоа, градовите станале „политички тивки", а за возврат ја задржале, па дури и ја зголемиле сопствената економска благосостојба, од што имал корист и самиот Кир. Сведоштвата со кои располагаме укажуваат дека за Кир мирот бил еднакво важен колку и воените успеси, и упатуваат дека можеби треба подобро да ги разбереме потребите на империјата и на империјалната идеологија. Всушност, животот на малоазиските Хелени под власт на Кир станал помирен и безбеден, без оглед што непосредната политичка реалност можеби оставала простор да се сонува за слободата од минатото.

Следи прилогот *Pillar Tombs and the Achaemenid Rule in Lycia* на Мартин Сејер (стр. 217-248), кој ги истражува ликиските гробници со столбови, најзагадочниот вид гробници во регионот, кои за првпат се појавуваат кон средината на шестиот век ст.е., приближно во времето на персиското освојување на Ксантос. По прегледот на неколку илустративни примери од архајскиот период, авторот се задржува на Лавјата гробница од Ксантос, која е своевиден архетип за овој тип гробници. Сејер го истражува иконографскиот материјал и претполага дека сопственикот на гробницата, Ликиец по род, веројатно бил претставник на првата локална династија под персиска власт. Сосема е извесно дека овој моќник бил или назначен од Персијците, или барем потврден како персиски вазал. Користењето на автохтони елементи во ликовниот израз, како сцената на триумф на северната страна, го поддржува ова гледиште, иако не може да се каже со сигурност дали овој приказ требало да го означи ликиското потекло на сопственикот на гробницата. Автохтоните елементи на Лавјата гробница, како архитектонскиот облик или приказот на триумф, се комбинираат со ликовни мотиви кои дефинитивно треба да се протолкуваат како свесни алузии на кралството на Ахајменидите. Во контекст на тогашните политички и историски настани, гробницата навистина може да се протолкува како споменик на поединец од ликиски род кого Персијците го назначиле за моќник во Ксантос. Домородните елементи укажуваат на неговото потекло од Ликија, а источните мотиви во иконографијата го нагласуваат неговото легитимирање од страна на Ахајменидите.

Последен прилог во зборникот е *Xanthus of Lydia, Aesop and Persian Storytelling* (стр. 249-262), труд на Ричард Стоунмен, кој тврди дека Ксантос од Лидија бил дел од персиската раскажувачка традицијата на романтични приказни за кралеви и принцези. Авторот ја анализира приказната за Кројс и Кир со цел да покаже дека верзијата што ни ја пренесува Никола од Дамаск потекнува уште од Ксантос и претставува „персиски" приказ на епизодата, наспроти „хеленскиот" приказ на Херодот. Неповолниот впечаток што Херодот го има за Кир целосно му одговара на хеленскиот раскажувачки стил, кој се поврсува со Ајсоп и со „Животот на Ајсоп". Ајсоп, кој во „Животот" е претставен како роб на некојси Ксантос, ја отелотворува спротивноста на двата различни пристапи кон раска-

жување за минатото. Ајсоповската струја во хеленската книжевност се одликува со склоност кон раскажување приказни со сериозна поента и се врзува за богот Аполон и неговите пророчишта како начин на комуникација со божественото; спротивно, во персискиот традиционален наратив претежнуваат широки и развиени приказни за благородни ликови. Херодот бил првиот од цела низа хеленски автори, кој размислувал како да им пристапи на ориенталните деспоти; предизвикот на разликите меѓу „ориенталниот деспотизам“ и наводната хеленска идеја за слобода се огледа во судирот меѓу мудрецот Ајсоп (или Солон) и монархот Кројс, но и во оној меѓу умниот роб Ајсоп и неговиот слаб господар, филозофот Ксантос.

Три прилози што биле презентирани на симпозиумот во Истанбул, поради разни причини, не се вклучени во овој зборник: станува збор за трудот на Алберт де Јонг за обрасците на иранската религија во ахајменидска Анадолија, размислувањата на Оливие Анри за Карија како топос на персискиот кралски приказ, и најпосле прегледот на Каан Ирен и Седеф Чокај-Кепче за неодамнешните откритија во Даскилејон во светлина на мултикултурната политика на Ахајменидите. Но, без оглед на ова, прилозите во овој зборник – исто како и симпозиумот од кој произлегуваат – јасно сведочат за степенот што во последниве две децении го достигна изучувањето на Ахајменидите како историска дисциплина; сепак, во исто време, тие посочуваат и до кој степен некои прашања или проблеми остануваат спорни и нерешени.

Прилозите во овој зборник ни откриваат и уште една работа, а имено дека ахајменидските студии денес се едно живо поле на наулна расправа кое изобилува со новини, и дека има многу нови насоки и пристапи чија плодност и исправност сè повеќе се потврдува. Дел од новите откритија произлегуваат од новообјавените археолошки наоди, некои – од поширокиот, компаративен пристап кон изворите, а други пак – од преиспитување на постоечките прашањата и сведоштва преку нови погледи и идеи. Голема придобивка од симпозиумот, а со тоа и од овој зборник, е сè појасната слика за разновидноста на прашањата и проблемите во ахајменидските студии денес, како и продуктивниот ентузијазам во нивното решавање; ова е дотолку поважно, зашто не толку одамна Карл Ниландер напиша дека ахајменидските творби честопати се „отпишуваат“ како технички впечатливи, но уморни и неинспиративни крајни производи на долгиот развој на староисточната цивилизација – „неинтересна, безопасна уметност која ниту ќе ве изненади, ниту ќе ве измами“. Прилозите во овој зборник го покажуваат спротивното – дека кралството на Ахајменидите е плодна почва на која цутат нови идеи, поле кое дава нови можности да се разгледаат и да се преиспитаат многу специфични прашања од историјата на класичната антика.

*Војислав Саракински*
Филозофски факултет